## Прекрасна глетка, разновиден растителен свет

За одмор и рекреација има изградено повеќе клупи и маси.



Разновидните шумски растенија како и богатството со над 40 лековити билки и диви шумски плодови: боровинки, малинки, капинки, диви јаготки, шипинки, печурки,







традиционално подготвената храна создаваат прекрасна глетка, која Ве прави да се чувствувате прекрасно и многу пријатно.

**Дарежливата природа која истурила грст благодети, претставува своевидна природна атракција примамлива за посетителите.**

**Проектот е реализиран од:**

Локална група за рурален развој Пехчево

**Партнери во проектот:**

Општина Пехчево

MAASP

Програма за поддршка на советодавните услуги во земјоделството

**Бидете и Вие дел од убавините на недопрената природа**

**Проект:**

# УРЕДУВАЊЕ НА ВОДОПАДИ НА М.В. ЦРН ДОЛ ВО НАСОКА НА РАЗВОЈ НА РУРАЛНИОТ ТУРИЗАМ ВО ОПШТИНА ПЕХЧЕВО И ПРОМОЦИЈА НА ЛОКАЛНИТЕ ПРОИЗВОДИ И УСЛУГИ



# Недопрена убавина во срцето на Малешевските планини

Малешевските Планини во делот над Пехчево кријат девет водопади на реката Брегалница и нејзините притоки. На надморска височина од 1.400 метри каде што се наоѓаат двата водопада на Лљутачка Река, која



мештаните уште ја викаат и Ж'тачка Река, исто така притока на Брегалница, расфрлани на падините од Малешевските Планини, тие пленат со својата убавина. Чисти како солза



со својот жубор Ве пленат да ја почувствувате нивната убавина, раскош и сјај. До водопадите ве водат патокази кои се поставени на видни места.

Чувството дека се движите по предели недопрени од човечката рака Ве следи насекаде. Дури и уредената патека до водопадите направена од дрво и од камен не може да го расипе тоа. Овде водата буквално блика од карпите и се истура во коритото на Љутачка Река. Далеку од очите на љубителите на природата и на



пошироката јавност, оваа природна реткост и убавина денес претставува место достапно за посетителите од сите возрасти.

Изградена е патека и уреден е целиот простор до и околу водопадите, како и изградени се мостови



за поголема достапност на љубителите на природните



убавини. Изградени се вкупно шест мостови за преминување преку реката.

Ова претставува вистински парк за прошетка, одмор и рекреација. По пат можете да сретнете или забележите траги од различен дивеч, бидејќи овој терен е навистина богат со секаков вид на див еч. Можат да се сретнат траги од лисица, дива



свиња, волк, див зајак и многу други диви шумски животни. Убавините



на недопрената природа Ве пленат во секој момент. Она што не можете да го видите и да го доживеете на друго место, овде можете да го имате. Разновидноста со дивеч на местото му дава посебност и чувство на убавина и пријатност.